# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 10, година XLV**
**Вторник, 02.09.2014**
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за одложување на донесувањето на Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за склучување на договор за продажба на акциите во сопственост на Општината Битола во Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА со најповолниот понудувач во која ќе се утврди начинот на продажба согласно Законот за хартии од вредност

1. Го објавувам Заклучокот за одложување на донесувањето на Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за склучување на договор за продажба на акциите во сопственост на Општината Битола во Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА со најповолниот понудувач во која ќе се утврди начинот на продажба согласно Законот за хартии од вредност, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/1
02.09.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

### З А К Л У Ч О К
### за одложување на донесувањето на Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за склучување на договор за продажба на акциите во сопственост на Општината Битола во Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА со најповолниот понудувач во која ќе се утврди начинот на продажба согласно Законот за хартии од вредност

1. Се одложува донесувањето на Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за склучување на договор за продажба на акциите во сопственост на Општината Битола во Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА со најповолниот понудувач во која ќе се утврди начинот на продажба согласно Законот за хартии од вредност, бидејќи потребно е Комисијата за

спорт и млади при Советот на Општината Битола повторно да ја разгледа и да ја достави на разгледување на седница на Советот.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-21/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал во 2014 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал во 2014 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал во 2014 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал во 2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-21/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2014 година

1. Ја објавувам Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. (10/05), а во врска со член 84 став 1 од Законот за градежното земјиште („Службен врсник на РМ“ бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13 и

163/13), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2014 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2014 година („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/2013), во Главата Пресметка на висината за уредување на градежното земјиште и степенот на уреденост на градежното земјиште дел 1. Градски реон, по 11-тата точка се додава нова точка:

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, што претставува нето изградена површина т.е. 80% од бруто површината, за сите нови објекти што ќе се градат на нови неизградени парцели согласно важечката урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Битола изнесува:

за нето изградена површина до 25% од вкупната предвидена површина

Колективна и индивидуална станбена изградба

Екстра зона ……. 5.300,00 ден.
I ва зона …………4 .660,00 ден.
II ра зона …..…….4.200,00 ден.
III та зона ………..3.740,00 ден.

Деловен простор

Екстра зона…..….8.600,00 ден.
I ва зона …………7.700,00 ден.
II ра зона …..…….6.940,00 ден.
III та зона ……….6.240,00 ден.

за нето изградена површина над 25% до 50% од вкупната предвидена површина

Колективна и индивидуална станбена изградба

Екстра зона ……. 3.975,00 ден.
I ва зона …………3 .495,00 ден.
II ра зона …..…….3.150,00 ден.
III та зона ………..2.805,00 ден.

Деловен простор

Екстра зона…..….6.450,00 ден.
I ва зона …………5.775,00 ден.
II ра зона …..…….5.205,00 ден.
III та зона ……….4.680,00 ден.

за нето изградена површина над 50% до 100% од вкупната предвидена површина

Колективна и индивидуална станбена изградба

Екстра зона ……. 2.650,00 ден.
I ва зона …………2 .330,00 ден.
II ра зона …..…….2.100,00 ден.
III та зона ………1 .870,00 ден.

Деловен простор

Екстра зона……...4.300,00 ден.
I ва зона …………3.850,00 ден.
II ра зона …..…….3.470,00 ден.
III та зона ……….3.120,00 ден.

### Член 2

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште од член 1 важи и за сите инвеститори кои ќе поднесат барање за измена на Одобрение за градење со Дополнување на основен проект.

### Член 3

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-21/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила

1. Ја објавувам Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила

### Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила заради заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат за вршење на противпожарната заштита што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на Општината Могила како и задолжително учествува во финансирањето од страна на Општина Могила на противпожарната единица која го покрива нејзиното подрачје со вработување на 4 пожарникари извршители во се согласно Законот за пожарникарството.

### Член 2

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеке други општини.

### Член 3

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период до 31.12.2014 година.

### Член 4

Ова одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр. 07-21/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за преименување на имиња на улици во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за преименување на имиња на улици во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 и 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл. весник на РМ“ бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11 и 163/13), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за

нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. весник на РМ“ бр.152/07), член 3 од Одлуката за утврдување услови и критериуми за определување листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 19/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и утврдената Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општината Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за преименување на имиња на улици во Општината Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се преименуваат имиња на улиците во Општината Битола и тоа:

| | |
|---|---|
| **1. Ул. „140-та“** | **Ул. „Партениј Зографски“** |
| **2. Ул. „120-та“** | **Ул. „Св.Димитрија Солунски“** |

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 и 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл. весник на РМ“ бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11 и 163/13), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. весник на РМ“ бр.152/07), член 3 од Одлуката за утврдување услови и критериуми за определување листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 19/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и утврдената Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општината Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во Општината Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на одлуката за опрделување имиња на улици во Општината Битола

(„Сл. Гласник на Општина Битола бр. 09/14“) и тоа:

Во Член 1 од одлуката во табелата точка 2. ДУП – „АРМ ЧЕТВРТ 2“ Битола, во делот на Ул. „8 која почнува од новопредвидената Ул. 7 (СРУ 1 во ДУП – АРМ ЧЕТВРТ 1) кај постоечкиот објект (Противпожарен дом) оди на ЈУГ во неколку правци ИСТОК ЗАПАД земајќи ги во состав и новопредвидените улици (СТУ-10, СТУ-9 и СТУ-8 во целост-ДУП-АРМ ЧЕТВРТ 2), опфаќајќи ги куќните броеви од 2-90 и од 1-117 каде и што завршува, место името Марко Цепенков се заменува со името Митрополитска.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за неразрешување на членови во Училишниот одбор во ОУ „Кирил и Методиј“ Битола

1. Го објавувам Заклучокот за неразрешување на членови во Училишниот одбор во ОУ „Кирил и Методиј“ Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 27.08. и 29.08.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за неразрешување на членови во Училишниот одбор во ОУ „Кирил и Методиј“ Битола

1. ДА НЕ СЕ ИЗВРШИ разрешување на членовите во Училишниот одбор на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола Сашо Илиовски и Анета Талеска, бидејќи истите се разрешени со решение на Советот на Општината Битола бр. 07-35/26 од 30.09.2013 година, а на нивно место се именувани Анита Спировска и Елена Мирчевска.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-21/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола

1. Го објавувам Решението за именување претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 114 став 8 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола

1. Во Управниот одбор на Јавната општинска установа Детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола претставник на Министерството за труд и социјална политика се именува:
- **Томислав Пишмановски**, дипл. економист.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Го објавувам Решението за именување претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Мајски Цвет“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 114 став 8 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Во Управниот одбор на Јавната општинска установа Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола претставник на Министерството за труд и социјална политика се именува:
- **Наташа Којчева**, дипл. учител.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/411 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на изменување и дополнување на ДУП за АРМ Четврт 2 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на изменување и дополнување на ДУП за АРМ Четврт 2 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на изменување и дополнување на ДУП за АРМ Четврт 2 - Битола

### Член 1

Се прифаќа иницијативата поднесена од Општина Битола, за изработка на изменување и дополнување на ДУП за АРМ Четврт 2 - Битола.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на изменување и дополнување на ДУП за АРМ Четврт 2 - Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-21/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени - пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени – пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, Советот на

Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година,донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени - пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 - Општина Битола

### Член 1

Се прифаќа иницијативата поднесена од Општина Битола, за изработка на ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени – пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 - Општина Битола.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД за изградба на комплекс со намена Б (комерцијални и деловни намени – пазари) на КП Бр. 37/1 м.в. Винарски пат КО Битола 5 - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-21/13 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.08.2014 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | д-р Силвана Ангелевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на информативна точка - локален центар за посетители на дел од КП Бр. 22 м.в. „Св. Ѓорѓе“ КО Маловишта - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на информативна точка – локален центар за посетители на дел од КП Бр. 22 м.в. „Св. Ѓорѓе„ КО Маловишта - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1188/12 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 02.09.2014 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | д-р Владимир Талески |

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на информативна точка - локален центар за посетители на дел од КП Бр. 22 м.в. „Св. Ѓорѓе“ КО Маловишта - Општина Битола

### Член 1

Се прифаќа иницијативата поднесена од Јавна установа Национален Парк Пелистер – Битола, за изработка на ЛУПД за изградба на информативна точка – локален центар за посетители на дел од КП Бр. 22 м.в. „Св. Ѓорѓе“ КО Маловишта - Општина Битола.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД за изградба на информативна точка – локален центар за посетители на дел од КП Бр. 22 м.в. „Св. Ѓорѓе“ КО Маловишта - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка на КП бр. 4, КО Маловишта - Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка на КП бр. 4, КО Маловишта – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.06.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка на КП бр. 4, КО Маловишта - Општина Битола**

**Член 1**

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на рибник за одгледување на речна калифорниска пастрмка на КП бр. 4, КО Маловишта – Општина Битола.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на катастарската парцела КП 4, КО Маловиште.

Опфатот на вака предложената ЛУПД има површина од 10394 м2.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-21/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 - големи угостителски единици на КП бр. 570/1 и КП бр. 570/2 м.в. Чакал КО Нижеполе - Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 – големи угостителски единици на КП бр. 570/1 и КП бр. 570/2 м.в. Чакал КО Нижеполе – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 - големи угостителски единици на КП бр. 570/1 и КП бр. 570/2 м.в. Чакал КО Нижеполе - Општина Битола

### Член 1

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 – големи угостителски единици на КП бр. 570/1 и КП бр. 570/2 м.в. Чакал КО Нижеполе – Општина Битола.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на катастарските парцели КП бр.570/1 и КП бр.570/2 КО Нижеполе.

Опфатот на вака предложената ЛУПД има површина од приближно 4300 м$^2$.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-21/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 сервиси и стоваришта на КП бр 782 м.в. Макалева јасика, КО Логоварди - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 сервиси и стоваришта на КП бр 782 м.в. Макалева јасика, КО Логоварди – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13,

163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 сервиси и стоваришта на КП бр 782 м.в. Макалева јасика, КО Логоварди - Општина Битола

**Член 1**

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 сервиси и стоваришта на КП бр 782 м.в. Макалева јасика, КО Логоварди – Општина Битола.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на катастарската парцела КП бр. 782

Опфатот на вака предложената ЛУПД има површина од 7328 м2.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за дел од работна зона локалитет „ФРИЖИДЕРИ“ - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за дел од работна зона локалитет „ФРИЖИДЕРИ“ - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт ДУП за дел од работна зона локалитет „ФРИЖИДЕРИ„- Општина Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Нацрт ДУП за дел од работна зона локалитет „ФРИЖИДЕРИ„- Општина Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за формирање на Совет за образование

1. Ја објавувам Одлуката за формирање на Совет за образование, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/17
02.09.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 22 и 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на Совет за образование

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Совет за образование.

**Член 2**

Активноста на Советот за образование ќе биде насочена кон унапредување на соработката, градење и продлабочување на партнерствата помеѓу училиштата и локалната заедница.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр. 07-21/19
29.08.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за формирање на унија на Совети на родители

1. Ја објавувам Одлуката за формирање на унија на Совети на родители, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/18
02.09.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 22 и 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на унија на Совети за родители

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Унија на совети на родители која вклучува претставници од сите совети на родители кои функционираат во сите училишта.

**Член 2**

Унијата на совети на родители ќе функционира со поддршка од Општината Битола, а истата е во насока на што поголема вклученост на родителите во работата на училиштето и нивна проактивна улога во вкупниот воспитно-образовен процес.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр. 07-21/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за именување на претставници од Советот на родители во Унијата на Совет на родители

1. Ја објавувам Одлуката за именување на претставници од Советот на родители во Унијата на Совет на родители, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1188/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.08.2014 и 29.08.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување на претставници од Советот на родители во Унијата на Совет на родители

Во Унијата на Советот на родители се именуваат:

– Ангелка Велјановска-Ристевска, ОУ „Коле Канински“;
– Катерина Бојаџиева, ОУ „Тодор Ангелевски“;
– Силвана Силјановска, ОУ „Александар Турунџев“;
– Ангелка Диневска, ОУ „Елпида Караманди“;
– Бети Булаковска, СЗУ „Кузман Шапкарев“;
– Соња Талевска, ОУ „Даме Груев“;
– Изабела Алексовска, ОУ „Кирил и Методиј“;
– Пецо Тасевски, СОУ „Таки Даскало“;
– Горанчо Нешевски, „Крсте Петков Мисирков“;
– Иванчо Жиров, ОУ „Св. Климент Охридски“;
– Илиевски Сашо, ОУ „Др Трифун Пановски“.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-21/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ ,, 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, (,,Службен весник на РМ,, 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште,, Елпида Караманди,, Битола**

1. За Директор на ОУ „Елпида Караманди,, Битола се избира **Емилија Николовска** со завршен Педагошки факултет,Одделенска настава и положен испит за директор, вработена во основното училиште.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години .

3. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот оглас.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност, кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола,,

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште. Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.02-141/2 од 30.01.2014 и Записник бр. 02-141/1 од 30.01.2014, сето тоа со пропратен допис бр. 03-143/1 од 03.02.2014 г.заведено во општината Битола под бр. 08-1538/2 – 2013 од 04.02.2014 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен и кандидатот Емилија Николовска - Педагошки факултет Одделенска настава со положен испит за директор, вработена во основното училиште.
Имајки го во предвид фактот што беа распишани избори за Претседател на Република Македонија, а согласно добиеното Мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата бр. 07-335/2 од 04.02.2014 година, се изврши именување на ВД Директор, додека изборот на директор е извршен по завршувањето на изборите.(19.06.2014 г.).

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство :** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

**Бр. 08-1538/7 -2013**
26.06.2014
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 132 и член 134 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на Директор на Основно училиште„ Александар Турунцев„ с. Кукуречани Битола**

1. Се разрешува **Директор** на Основно училиште„ Александар Турунцев„ с. Кукуречани Битола **Даниела Цветкоска** заклучно со 03.07.2014 г.

2. Се задолжува досегашниот директор со именованиот ВД Директор да извршат примопредавања на функцијата согласно закон.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Училишниот одбор на основното училиште со допис број 03-82/1 од 04.03.2014 г. поднесе предлог за разрешување на Директорот на основното училиште број 02-81/1 од 26.02.2014 г. сето тоа заведено во Општина Битола под број 08-419/1 од 04.03.2014 година.
Во прилог училишниот одбор достави и :

Предлог за свикување на седница на Училишен одбор бр. 03-48/1 од 31.012014 г,
Записник бр. 2 од состанокот на училишниот одбор одржан на ден 21.01.2014 г заведен под број 02-22 од 21.02.2014 г,
Записник бр. 3 од состанокот на училишниот одбор одржан на ден 04.02.2014 г заведен под број 02-56/1 од 05.02.2014 г со Заклучок од седницата на Училишниот одбор од 04.02.2014 г. бр.02-56,
Писмено изјаснување од Директор бр. 03-71/1 од 13.02.2014,
Записник бр. 4 од состанокот на училишниот одбор одржан на ден 14.02.2014 г заведен под број 02-73/1 од 14.02.2014 г ,
Записник бр. 5 од состанокот на училишниот одбор одржан на ден 19.02.2014 г заведен под број 02-74/1 од 19.02.2014 г,
Мислење од Државен просветен инспекторат бр. Ип1 22-60 од 20.02.2012 г. и
Записник бр. 6 од состанокот на училишниот одбор одржан на ден 26.02.2014 г заведен под број 02-81/1 од 26.02.2014 г

По разгледувањето на пристигнатата документација од страна на општинската администрација испратен е допис – Известување бр. 08-419/2 од 14.03.2014 г. до Училишниот одбор.
Со пропратно писмо бр. 03-122/1 од 02.04.2014 г. заведено во Општина Битола под број 08-419/3 од 04.04.2014 година доставен е Записник бр. 8 од состанокот на Училишниот одбор одржан на ден 31.03.2014 година заведен под број 02-119/1 од 31.03.2014 година, како и Предлог за разрешување на директорот на ОУ „Александар Турунцев„ с. Кукуречани Битола заведен под број 02-119/2 од 31.03.2014 година.

Градоначалникот на Општина Битола постапувајќи согласно член 132 став 1 од Законот за основно образование каде стои:
„(1) Директорот на општинско основно училиште го избира и разрешува градоначалникот по предлог на училишниот одбор на основното училиште.„
и член 134 став 5 од истиот закон во кој се вели дека:
„(5) Градоначалникот, односно министерот е должен во рок од седум дена од денот на добивањето

а предлогот од училишниот одбор да го разреши директорот.,,.
одлучи како во диспозитивот на решението.

Имајки го во предвид фактот што беа распишани избори за Претседател на Република Македонија како и избори за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, а согласно добиеното Мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата бр. 07-335/2 од 04.02.2014 година, не се изврши разрешување на Директор, се до завршувањето на изборите и формирање на Влада на Република Македонија.

**Упатство за правно средство :** Противова Решение разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на истото има право на жалба во однос на спроведување на постапката за разрешување **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр. 08- 419/5
03.07.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 135 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14) („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на ОУ „Александар Турунџев„ с. Кукуречани Битола**

1. За В.Д. Директор на Основното училиште „Александар Туруџев„ с. Кукуречани Битола **се именува Никола Јовески Педагошки факултет - Одделенска настава,** вработен во основното училиште.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 04.07.2014 година.

2 Се задолжува именуваниот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со разрешениот Директор согласно закон.

3.ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Имајки го во предвид фактот што со решение на Градоначалникот на Општина Битола бр.08-419/5 од 03.07.2014 година е разрешен досегашниот директор, заради континуитет во работата на училиштето се именува ВД Директор.

Согласно член 135 од Законот за основното образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на именуваниот В.Д. Директор .

Бр. 08- 419/6
03.07.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ „ 5/02), член 128 став 6 и член 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012; 100/2012; 24/2013 и 41/2014). Градоначалникот на Општината Битола донесе

## ОДЛУКА
### за неврешење избор на Директор на ОУ „Д-р Трифун Пановски„ Битола

1. Не се врши избор на Директор на ОУ „Д-р Трифун Пановски„ Битола, а по распишаниот јавен оглас.

2. На предложениот кандидат за директор- Снежана Терзиевска , кој воедно е и единствен кандидат пријавен по јавниот оглас исклучена му е можноста за повторен избор на директор во истото основно училиште, од причини што лицето било избрано за директор во два последователни мандати.

3. Одлуката влегува во сила по нејзината конечност кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

### Образложение

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште, бр. 08-947/1 од 25.06.2014 година.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште - Училишниот одбор ја разгледа пристигнатата документација и со пропратно писмо бр. 03-138/1 од 11.07.2014 година достави до Градоначалникот на општината - Одлука за предлог на кандидат за избор на Директор на училиштето бр. 02-133/2-4 од 11.07.2014 година и Записник бр. 10 заверен под број 02-133/2 од 11.07.2014 година сето тоа примено во општинската администрација на ден 11.07.2014 година заведено под број 08-1014/1.

За Директор на основното училиште е предложен кандидатот **Снежана Терзиевска** ВСС Факултет за учители и воспитувачи - Дипломиран учител , - вработен во ОУ „Д-р Трифун Пановски„ - Битола, кој воедно е и единствен кандидат кој се пријавил на јавниот оглас.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 132 од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината по предлог на Училишниот одбор.

Од увидот на доставената документација како и документацијата со која располага општината Битола утврдено е следното:

Предложениот кандидат за директор во континуитет ја извршува должноста на Директор во два мандати и тоа:

Првиот мандат избрана со Решение за избор на Директор на Основно училиште„ Др Трифун Пановски„ Битола бр.08-1398/7 од 24.07.2006 година („Службен гласник на Општина Битола„ бр. 14/2006) и вториот мандат избрана со Решение за избор на Директор на Основно училиште„ Др Трифун Пановски„ Битола бр.08-814/5 од 25.06.2010 година („Службен гласник на Општина Битола„ бр. 08/2010).

За време додека траеше првиот мандат донесен е Закон за основното образование „Службен весник на Република Македонија „ бр, 103/2008).

Во тој закон во членот 128 став 6 стои дека „Мандатот на директорот трае четири години со можност за уште еден мандат„.
Наоѓајки правна основа врз членот 128 став 6 искористено е правото да биде избран истиот Директор и за втор мандат од 25.06.2010 година бидејки законот дозволува избор за уште еден мандат.

Потоа следуваше автентично толкување на членот 128 став 6 од Законот за основно образование со кое се толкува дека претходните мандати на директорот на основното училиште пред влегување во сила на овој закон се засметуваат во мандатот на директорот. Следователно претходните два мандата на директорот на основното училиште преставуваат ограничување за повторен избор за директор на основно училиште. Автентичното толкување е објавено во („Службен весник на Република Македонија„ бр. 112/2010).

Потоа со Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија бр. 24/2013), членот 128 став 6 е изменет и гласи:

„Мандатот на директорот трае четири години, со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.„

При одлучувањето земено е во предвид и Мислењето на Владата на Република Македонија бр. 42-499/1 од 05.11.2013 година а дадено по Барањето за давање на автентично толкување на член 128 став 6 од Законот за основно образование во кое стои дека:
„Одредбата од ставот 6 на членот 128 од Законот за основно образование го определува времетраењето на мандатот на директор на основно училиште на четири години , со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште . Истото ја исклучува можноста за повторен избор на директор на тоа основно училиште , доколку лицето било избрано за директор во два последователни мандати„.

Од погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Упатство за правно средство :** Против оваа Одлука кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на истата , имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08-947/2
14.07.2014 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА
Градоначалник,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 19а и 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96. 06/02. 40/03 , 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 *, 6/12, 119/2013 и 41/2014)* , Градоначалникот на Општината Битола донесе

# О Д Л У К А
## за избор на Директор на јавно комунално претпријатие „Водовод„ Битола

1. За Директор на јавното комунално претпријатие „Водовод„ Битола се избира:
Горан Стефановски ВСС Градежен факултет , Дипломиран градежен инжењер.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години од денот на потпишување на Договор со Градоначалникот за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

## **Образложение**

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие.
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.
Согласно член 19а и член 23 од Законот за јавни претпријатија Директорот на јавното претпријатие го избира Градоначалникот на општината.

Избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови од јавниот конкурс.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-1074/16
26.08.2014
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 18.02.2013 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-05/1 од 20.08.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 28.11.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 03.12.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-01/1 од 30.01.2014 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола бр. 01-04/1 од 02.04.2014 г. и

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола бр. 01-05/1 од 25.04.2014 г.

и тоа во членот 5 после работното место по реден број 21 се додава ново одделение и нови работни места од реден број 21а. до реден број 21д. и истите гласат:

**„1в) Одделение за имот и имотно- правни работи**

**21а.Назив на работното место** **раководител на Одделението за имот и имотно правни- работи**

**Звање:** раководител на одделение

**Одговара пред:** раководителот на сектор

**Цел на работното место:** Обезбедување вршење на работите од подрачјата за кој е формирано одделението а кои се поврзани со функциите на Општината согласно Законот за локалната самоуправа, градежното земјиште, сопственоста, имотно правните односи други прописи и општи акти, ефикасно раководење со одделението, контрола над соодветните програми како и подржување на работата на раководителот на секторот.

**Главни работни должности**:

- раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението, врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; ги распоредува работите и задачите на државните службеници во одделението, им дава упатства за работа и потребна стручна помош во работата , го следи текот на извршувањето на работите; води грижа за стручно усовршување и работната дисциплина во одделението и врши оценување на државните службениици:

- подготвува и предлага материјали и документи кои содржат предлог програма за работа на одделението и со другите раководители на одделениеја учествува во координирањето на подготовката на програмата за работа на Секторот, подготвува извештај за реализацијата на програмата за работа на одделението; предлага концепти на одлуки и други прописи за уредување на односи, состојби и прашања и иницира решавање на одделни проблеми; дава предлози по прашања што се од интерес за остварувањето и развојот на локалната самоуправа во Општината;со државните службеници во одделението изготвува и се грижи за остварувањето на планот за работа на одделението;

- одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите во одделението; одговорен е за навремено и законито изготвување на прописите и актите од надлежност на Советот и Градоначалникот на општината кој се од надлежност на одделението

- континуирано ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, градежното земјиште, сопственоста, имотно правните односи се грижи за нивна примена во општината;го следи развојот на системот на локалната самоупава во Општината и неговото остварување;

- остварува редовни контакти и координација на работата со другите раководители на одделенија, разменувајќи со нив информации; организира и остварува соработка со други органи при вршењето на работите во одделението; учествува во работата на работните тела на Советот на Општината кога за тоа е овластен;

- обезбедува единствени ставови и единствен пристап при третирањсто на исти или слични прашања;врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите што се појавуваат во работата на одделението; иницира нови идеи за работи од областа што ја покрива одделението;

**Посебни услови**:

- стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – правни науки ;
- работно искуство од најмалку 4 години,во струката од кои 1 година во државна служба
- Овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери; раководни и организациски способности; способност за тимска работа; способност за решавање конфликти.

**Број на извршители**: 1

**21б. Назив на работното место**: **постапка за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба**

**Звање**: советник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи од областа на водење на постапка за отуѓување на градежно земјиште.

**Главни работни должности:**

- ја подготвува и спроведува постапката за отуѓување на градежното земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба
- изготвува договори , анекс догвори и спогодби од надлежност на одделението, како и акти за воспоставување на службеност;
- поднесува барање до Владата за отуѓувањето и давањето под долготраен закуп на градежното земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба :
- изготвува стручни мислења по барање на органите на Општината и секторите во врска со примената на законите и другите прописи; изготвува анализи, информации и други материјали; од надлежност на одделението
- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа; градежното земјиште , сопственоста, ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на Општината со законите и другите прописи и предлага соодветни активности за нивно усогласување; ја следи уставно-судската практика во однос на законите и другите прописи и општи акти на општините од надлежност на одделението и предлага соодветни

мерки за извршување на одлуките на Уставниот суд, односно за усогласување на општинската регулатива;

- дава задолжителни мислења за усогласеноста на актите и прописите што ги изготвуваат другите сектори во рамки на општинската администрација со законите и другите прописи од областа на градежното земјиште, сопственоста и имотно правните односи;

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – правни науки ;
- работно искуство од најмалку 3 години во струката,
- Овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земијиште, сопственост на Република Македонија
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери; способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 2

**21в.Назив на работното место:** **ажурирање на општински имот**

**Звање**: Советник
**Одговара пред**: раководителот на одделението
**Цел на работното место:** Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи од областа на евидентирање и ажурирање на општинскиот имот.

**Главни работни должности:**

- самостојно извршува најсложени работи и задачи што се однесуваат на сопственоста на општината, подвижниот и недвижен имот со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;

- континуирано ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и сопственичко правните односи ;

- го води регистарот на недвижен имот и негово ажурирање

- изготвува документација за спроведување на постапка за продажба со јавно надавање на недвижен имот сопственост на општината, согласно закон;

- изготвува документација за спроведување на постапка за продажба со јавно надавање на подвижен имот сопственост на општината, согласно закон;

- изготвува документација за спроведување на постапка за издавање под закуп на објекти, деловни простории, спортски објекти, киосци и сл. имот сопственост на општината согласно закон;

- изготвува договори , анекс догвори и спогодби од надлежност на одделението;

- изготвува анализи, мислења по нацрти на прописи и други акти и материјали од надлежност на одделението;

- дава стручни појаснувања и мислења по примената на законите; предлага ставови по начелни прашања од значење за работата на одделението;

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – правни науки ;
- работно искуство од најмалку 3 години во струката,
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајќи и лични квалитети:работа со компјутери; способност за тимска работа.

**Број на извршители: 2**

**21-г. Назив на работното место**: <u>електронско следење на договорите</u>

**Звање**: советник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи од областа на електронското следење на догоговорите.

**Главни работни должности:**

- самостојно извршува најсложени работи и задачи што се однесуваат на електронското следење на договорите на општината, со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;
- континуирано ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и, градежното земјиште , сопственичко правните односи ;
- Води постапка при електронска аукиција и ги превзема сите потребни дејствија предвидени со закон и подазконски акт;
- Води постапка составува писмени поднесоци кој произлегуваат како резултат од непридржувањето на страните кон договорот или од заштита на правата на општината:
- изготвува одговори и мислења во врска со предметите со кои е задолжен за работа, по барање на надлежните органи на и други заинтересирани странки;
- предлага ставови по начелни прашања од интерес за остварувањето на правата, обврските и интересите на Општината;
- изготвува анализи, информации и други материјали;
- дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти од надлежност на одделението ;

**Посебни услови:**

- Вид на образование: стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет – правни науки или архитектонски факултет
- работно искуство во струката: најмалку 3 години;
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 1

**21-д. Назив на работното место:** **<u>предлози за експропријација</u>**

**Звање:** соработник

**Одговара пред:** раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на рутински работи и задачи како подршка на одредени функции од делокругот на одделението во согласност со општите упатства и надзор на раководителот на одделението во врска со експропријацијата на земјиштето.

**Главни работни должности:**

- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, експропријацијата, комуналните работи, и сл.
- води управна постапка и учествува околу изготвување на предлог за експропријација кога како корисник на експропријацијата се јавува Општината Битола
- учествува во изготвување на општи и поединечни акти согласно закон, учествува во изготвување на договори за градба
- учествува во подготвување на годишните извештаи
- учествува во изготвува тези за изработка и учествува во изготвувањето одлуки и други прописи од надлежност на одделението, учествува во изготвување на анализи, информации и други материјали;учествува во изготвување стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;

**Посебни услови:**

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – правни науки
- работно искуство од најмалку 1 години во струката
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети:работа со компјутери; способност за тимска работа;

**Број на извршители:** 4

### Член 2

Во членот 5 во точката 2. Сектор за финансиски прашања, кај работното место со реден број 22. Раководител на Сектор за финансиски прашања, во делот на посебните услови во алинеа 2 зборовите „работно искуство во струката најмалку 3 години во областа на финансиите„ се менува и гласи: „најмалку 5 години работно искуство во струката од кои 2 години во државната служба, и најмалку 3 години во областа на финансиите" а под алинеа 3 се додава алинеа 4 која гласи: „ со судска одлука да не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност или професија додека трае забраната" .

Во подточката 2а) Одделение за планирање и извршување на буџет, работните места со реден број „26.Самостоен референт за јавни набавки и 27. Референт за наменски и блок дотации" се бришат.

Називот на одделението „2а) Одделение за планирање и извршување на буџет „ и работните места утврдени во истото одделение од реден број 23 до реден број 25 се менуваат и гласат:

**2а) Одделение за буџетска координација**

**23.Назив на работното место** <u>**раководител на Одделението за буџетска координација**</u>

**Звање:** раководител на одделение

**Одговара пред:** раководителот на сектор

**Цел на работното место:** Обезбедување вршење на работите од подрачјата за кој е формирано одделението а кои се поврзани со функциите на Општината согласно Законот за локалната самоуправа, други закони, прописи и општи акти, ефикасно раководење со одделението, контрола над соодветните програми како и подржување на работата на раководителот на секторот.

**Главни работни должности**:

- раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението, врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите;
- ги распоредува работите и задачите на државните службеници во одделението, им дава упатства за работа и потребна стручна помош во работата , го следи текот на извршувањето на работите; води грижа за стручно усовршување и работната дисциплина во одделението и врши оценување на државните службеници:

- подготвува и предлага материјали и документи кои содржат предлог програма за работа на одделението и со другите раководители на одделенија учествува во координирањето на подготовката на програмата за работа на Секторот, подготвува извештај за реализацијата на програмата за работа на одделението; предлага концепти на одлуки и други прописи за уредување на односи, состојби и прашања и иницира решавање на одделни проблеми; дава предлози по прашања што се од интерес за остварувањето и развојот на локалната самоуправа во Општината;со државните службеници во одделението изготвува и се грижи за остварувањето на планот за работа на одделението;

- одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите што се вршат во одделението и за извршување на утврдената политика во областа на буџетската координација, *го координира процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на субјектот*

- ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на буџетското работење финансирањето на единиците на локалната самоуправа, уредувањето на изворите на приходи на Општината, итн. и се грижи за нивната примена;, *задолжително дава мислење по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на општината,* го следи извршувањето на Буџетот на Општината; дава првично одобрение на правата за трошење со кои се врши распределба на Буџетот помеѓу корисниците на Буџетот на Општината;

- се грижи за подготовка на предлог буџетскиот календар; се грижи за подготовка на Буџетот на Општината; се грижи за подготовка на анализи и квартални извештаи за извршувањето на Буџетот; се грижи за остварување и примена на трезорското работење; се грижи за подготовка на месечни, квартални и годишни планови за трошење на средствата од буџетот на Општината и го следи нивното извршување;

- учествува во одлучувањето за спроведување на конкретни одлуки за работите што се вршат во одделението по претходни инструкции од повисоко ниво и дава препораки за нивна имплементација;организира, координира и учествува или непосредно изготвува одлуки и други прописи, програми, информации и други акти;

- остварува редовни контакти и координација на работата со другите раководители на одделенија, разменувајќи со нив информации; организира и остварува соработка со други органи при вршењето на работите во одделението; учествува во работата на работните тела на Советот на Општината кога за тоа е овластен;

- обезбедува единствени ставови и единствен пристап при третирањето на исти или слични прашања;врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите што се појавуваат во работата на одделението; иницира нови идеи за работи од областа што ја покрива одделението;

**Посебни услови**:

- стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Економски факултет
- работно искуство во струката најмалку 4 години од кои 1 година во државна служба
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети: работа со компјутери; раководни и организациски способности; способност за тимска работа; способност за решавање конфликти.

**Број на извршители**: 1

**24.Назив на работното место**: <u>**планирање и извршување на буџетот**</u>

**Звање**: советник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи кој е однесуваат на припрема на предлог буџетот , ребалансот буџетскиот календар и следење на извршувањето на буџетот.

**Главни работни должности:**

- го подготвува предлог буџетскиот календар; го подготвува Предлог-буџетот на Општината;
- го подготвува ребалансот на буџетот на Општината; ги подготвува предлозите за распределба на средствата помеѓу буџетски позиции во текот на буџетската година; изработува месечни, квартални и годишни планови за трошење на средствата од Буџетот на Општината и го следи нивото извршување; ги подготвува правата за трошење со кои се врши распределба на Буџетот помеѓу корисниците на Буџетот на Општината;
- врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби; изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно-аналитички материјали: изготвува предлог одлуки и други прописи, програми и други акти; изготвува анализи, информации и други материјали; изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;

- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на буџетското работење, финансирањето на единиците на локалната самоуправа, уредувањето на изворите на приходи на Општината, и други прописи поврзани со финансиското работење на Општината;

- дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти;

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС – или завршен VII/1степен – економски факултет

- работно искуство од најмалку 3 години во струката,
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети:работа со компјутери; способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 1

**25.Назив на работното место:** **<u>водење на евиденција</u>**
**Звање**: самостоен референт

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** дава подршка на спроведувањето на функциите од делокругот на одделението преку вршење сложени административни задачи во врска со водењето на евиденција за потребите на буџетската координација , во согласност со општите упатства на раководителот на одделението,

**Главни работни должности:**

